TRAVEL AGENCY
FERIJAL - KASIKOV

# ОСТРОВ АХИЛ

## ЛУТРАКИ – ВОДЕН – ВЕРИЈА

**25.02.2012 1 ден**

Тргнување од Скопје 23.00 часот / Штип 24.00 часот. Се патува преку граничниот премин Меџитлија со попатни одмори до островот Ахил. Островот Св.Ахил е една од најголемите туристистички атракции во Преспанското езеро во делот на Грција, место поврзано со значајни настани од бурната македонска историја. Тука се наоѓале дворците на царот Самуил. Посета на остатоците од **Базиликата „Свети Ахил"**, изградена по заповед на цар Самуил во X век. Тука биле донесени и положени светите мошти на „Свети Ахил" од освоениот град Лариса и островот станал свето место. Легендата вели дека жени нероткињи останувале бремени после помолувањето во Базиликата и среќните родители се враќале тука да ги крстат своите деца. На ова место се наоѓаат **трите гроба на македонските цареви: Царот Самуил, неговиот син Гаврил Радомир и внук му Јован Владислав (син на Арон)**. Во попладневните часови тргнување кон **Лутраки**. Пристигнување во Лутраки, Сместување во апартмани. Слободно време за капење во бањите. Вечерта факултативна посета на таверна. **Ноќевање**.

**26.02.2012 2 ден**

**Појадок**. Слободно предпладне со можност за капење во бањите. Попладнето тргнување кон Воден, посета на **водопадите во Воден**. Потоа се упатуваме кон Верија, посета на црквата на Агиос Продромос, каде што се моштите на Св. Климент. Тргнување према Македонија. Пристигнување во Македонија во вечерните часови.

**Цена 2.990,00 денари**

**Во цената на аранжманот е вклучено**

- превоз со туристички автобус ( сок, кафе, вода )
- појадок во режија на агенцијата ( првиот ден )
- сместување во апартмани на база 1 ноќевање со појадок во Лутраки
- патничко осигурување
- водство и организација на програмата со лиценциран придружник

**Во цената на аранжманот не е вклучено**

- вечера во таверна
- влезници за културно историските споменици

За реализација на аранжманот се потрени минимум 40 патници
ВАЖАТ ОПШТИТЕ УСЛУВИ ЗА ПАТУВАЊЕ НА Т.А. ФЕРИЈАЛ КАШИКОВ – ШТИП

STIP tel: +389 32 394-001 fax: +389 32 384-001 SKOPJE tel/fax: + 389 2 3129-141
e-mail: ferijal@t-home.mk www.ferijalkasikov.com.mk